

Цивика мобилитас, денес (22 октомври 2015 година) ги **промовираше првите 15 акциски грантисти** . Добитници на акциски грантови се:

Форум – Центар за стратешки истражувања и документација, Скопје - **Зајакнување на капацитетите на месните и урбаните заедници**
; Медиа плус, Штип -
**Мојата општина и јас граѓанинот**
; Диверзити медиа, Скопје -
**Глокал дискусии МК**
; Натура, -
**Мониторинг на процесот на издавање на Б интегрирана дозвола**
; Центар за управување со промени, Скопје -
**Поголема партиципација – подобри политики и регулативи**
; Црвен крст на Р. Македонија –
**Црвен крст на град Скопје - Црвен крст во акција – промоција на хумани вредности**
; Организација на потрошувачите на Македонија, Скопје -
**Зајакнување на капацитетите на граѓанското општеество за поттикнување и заштита на потрошувачите и нивните права**
; Еднаков пристап, Скопје -
**Пристап на жените до правда**
; ГАУС институт – Фондација за нови технологии, иновации и тренсфер на знаење -
**Иницијатива за јакнење на партиципативната култура во урбанистичкото планирање во РМ**
; Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје -
**Граѓанските организации во промоција и застапување на правото на слобода на изразување и застапување**
; „Агропродукт“, Штип -
**Стоп за миграцијата на земјоделците од ридско планинските подрачја**
; Македонски центар за европско образование, Скопје -
**Трансфер на знаење за политиките на ЕУ за намалување на разликите меѓу граѓанските организации од скопскиот и другите плански региони**

, Култ-транзен, Струмица -
**Развивање и ревитализација на руралните заедници преку уметност и култура**
; Институт за истражување на политики и добро владеење, Скопје -
**Интеретнички дијалог и соработка помеѓу младите во Македонија**
и Центар за ромска заедница „Дром“ -
**Превенција од современите форми на трговија со луѓе**
.

Првите акциски грантови имаат **вкупен буџет од над 25 милиони денари** и наменети се за поддршка на граѓанските организации кои сакаат да ги промовираат нивните каузи и активности. Проектите вклучуваат оспособување на конституентите на граѓанските организа-ции; јакнење на односите со граѓаните, заедниците и поширокaта јавност; како и влијание за постигнување позитивни општествени промени за што се залага и Цивика мобилитас.



На грантистите им честиташе **Амбасадорот на Швајцарија** во Македонија, неговата екселенција **Стефано Лазарото**.

Новата фаза на Цивика Мобилитас која ќе обезбеди поддршка за граѓанските организации и другите актери на граѓанското општество во следните четири години започна во октомври минатата година. Буџетот на програмата изнесува околу осум милиони швајцарски франци.